Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 90, 15 октомври 2012 година

октомври 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во наставно-научната област претприемништво на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област/поле економски науки и менаџмент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област/поле туристичка политика на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 15

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по мултимедија“ од авторите д-р Александра Милева и м-р Доне Стојанов, Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 21

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Селекција и семепроизводство“ од авторот доц. д-р Драгица Спасова, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 23

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 1“ од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 25

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало / скрипта „Вовед во џез теорија 2“ од доцент м-р Сашо Поповски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО / СКРИПТА „ВОВЕД ВО ЏЕЗ ТЕОРИЈА 2“ ОД ДОЦЕНТ М-Р САШО ПОПОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на точка 4 од Правилата за издавање на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Универзитетски гласник бр. 23/2012), Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на седницата одржана на 16 август 2012 год. донесе Одлука за избор на рецензенти за издавање учебно помагало/скрипта „Вовед во џез теорија 2“ од авторот доц. м-р Сашо Поповски, по предметот Вовед во џез историја и теорија 2, е избрана Рецензентска комисија составена од следниве рецензенти:

– доц. Антонијо Китановски, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип и
– проф. м-р Ѓеорги Мицанов, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

По прегледот на приложениот ракопис / скрипта „Вовед во џез теорија 2“ од авторот доц. м-р Сашо Поповски, наменет за студентите од Одделот за џез – прв циклус студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Скриптата „Вовед во џез теорија 2“ од авторот доц. м-р Сашо Поповски е компатибилна со Наставната програма за предметот Вовед во џез историја и теорија 2, што се изучува на Одделот за џез – Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, на додипломските студии (прв циклус). Предметот е задолжителен за сите студенти на Одделот за џез и се изучува во втор семестар – прва година. Согласно со сите постоечки наставни програми на единицата се вреднува со 6 кредити.

Скриптата е поделена на 12 глави кои го претставуваат фундаментот за компонирање и изведување на џез музика.

1. Џез прогресии е глава која се надополнува со десеттата глава од скриптата „Вовед во џез теорија 1“, но во овај случај се претставени начините за формирање на џез прогресија од најбазичен до на комплексен вид. Обележувањето е со римски симболи врз готови примери на џез стандардни композиции.
2. Секвенци на седми акорд е глава во која се прикажани секвенците врз доминантен акорд, што впрочем претставуваат основни созвучја во џез музиката, преку образложение на готови примери од светски џез музичари.
3. Заеднички тонови е глава во која е објаснат базичниот модел на изучување на џез теоријата во контекст на откривање на нови можности и решенија кај секој студент одделно. Разработени примери од познати џез музичари.
4. Начини за аранжирање е глава во која се изучуваат базичните методи, што впрочем е подготовка за изучување на предметот Џез аранжирање во наредните семестри од наставната програма за џез студии. Оваа глава е поделена на две потточки, и тоа: Близок четириглас и Дроп 2.
5. Вонтонална импровизација, свирење надвор, е глава која го третира покомплексниот начин за создавање на џез музика, преку објаснување на дисонантниот звук, начините за излагување надвор од тоналитетот, преку готови примери од познати џез музичари.
6. Секвенци и половина степен надвор е глава во која се претставени овие два начина за вонтонална импровизација, преку разработени примери од џез артисти.

7. Тритонус надвор е глава во која е образложен овој модел за свирење на вонтонална импровизација, преку готови примери од џез артисти.
8. Свирење надвор со помош на скала е глава во која се објаснува конкретниот начин за свирење вонтонална импровизација, преку примери од познати џез музичари.
9. Хроматска скала, во оваа глава е објаснат начинот на користење на оваа скала при вонтонална импровизација врз даден акорд. Со разработени готови примери од џез музичари.
10. Ритмички промени, во ова глава е објаснета хармонската слика од втората најчесто среќавана форма на џез композиција, од нејзиното појавување во 1920 години, преку нејзината развојна фаза, па сè до денес. Со разработени готови примери од познати џез музичари.
11. Креативно размислување, визуелен и допирен аспект, е глава во која се образложуваат начините и методите преку кои се стигнува до креативно размислување во компонирањето и импровизацијата, како и објаснување на различните дефиниции за карактеристиките и именувањето на елементите.
12. Компонирање е глава во која е објаснет процесот на создавање на џез композиции, главни елементи, подгрупи, со дефиниции и готови примери. Оваа глава, исто така, е подготовка за изучување на предметот Семинар по џез композиција во наредните семестри од наставната програма за џез студии.

Особено плени концизноста при презентацијата на изложените тематски поглавја. Текстот е податен и користен за студенти со различни нивоа на музички развој и е навистина користен како помагало во вториот семестар на изучување на предметот Вовед во џез историја и теорија 2. Но и повеќе од тоа, оваа скрипта секако може да се користи во наставата на останатите мелодиски инструменти, но и при изучување на музичката композиција.

Сметаме дека материјалот, како учебно помагало/скрипта, претставува извонредна основа за подготовка и усовршување на студентите на Одделот за џез, во делот на теоретските барања, постапно и експлицитно презентираната проблематика дава голема можност за користење на овој материјал во наставниот процес.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот за учебно помагало/скрипта „Вовед во џез теорија 2" од авторот доц. м-р Сашо Поповски разработува еден од фундаменталните аспекти во џез музиката. Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на предметот Вовед во џез историја и теорија 2, што го изучуваат сите студенти на Одделот за џез на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало/скрипта и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. **Рецензентската комисија предлага ракописот „Вовед во џез теорија 2" од авторот доц. м-р Сашо Поповски да биде печатен како учебно помагало за потребите на студентите од Одделот за џез на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. Антонијо Китановски, с.р.**
**Проф. м-р Ѓеорги Мицанов, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Единица на Универзитетот<br>Наслов на тема | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|
| **Факултет за природни и технички науки** | | | |
| 1 | Можност за примена на полуаеробна метода за формирање на санитарна депонија | Проф. д-р Зоран Панов | Борче Везенков |
| 2 | Геоелектрични модели на наоѓалишта на јаглен | Проф. д-р Тодор Делипетров | Владимир Маневски |
| 3 | Логистички активности во компанија за растително масло | Проф. д-р Борис Крстев | Деан Стојанов |
| 4 | Управување со полихлорирани бифенили (ПХБ) во електрична опрема | Проф. д-р Борис Крстев | Ивана Спировска Зивосовска |
| 5 | Миланковичевите криви на осончување во корелација со геомагнетното поле на Земјата | Проф. д-р Тодор Делипетров | Рада Аврамовска |
| 6 | Варијации на проток и квалитет на отпадни води во пречистителна станица | Проф. д-р Мирјана Голомеова | Сања Симевска |